**Официјални правила на наградната игра**

**„ИЗБЕРИ ГИ ОМИЛЕНИТЕ БРЕНДОВИ И ОСВОЈ НАГРАДИ!”**

**Член 1**

**Организатор на наградната игра**

Друштвото за глобални комуникации Греј Ворлдвајд ЛТД Дооел Скопје (во понатамошниот текст: „Организатор“), со седиште на Никола Тримпаре бр.26, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, во име на Нелт СТ дооел со седиште ул. 32 бр.20 1041 Илинден, Република Северна Македонија.

**Член 2**

**Име и времетраење на наградната игра**

Името на наградната игра е **„ ИЗБЕРИ ГИ ОМИЛЕНИТЕ БРЕНДОВИ И ОСВОЈ НАГРАДИ!”**
Наградната игра ќе трае во период од 11.02.2026 г., па се до 25.03.2026 г.

**Член 3**

**Територија каде што ќе се одвива наградната игра**

Наградната игра ќе се одвива на територијата на Република Северна Македонија, во Вива фреш и Кит-Го маркетите.

**Член 4**

Наградната игра се организира за да се рекламираат производите на Procter &Gamble. Објектите кои учествуваат во наградната игра ќе бидат означени со специјални рекламни материјали на кои јасно ќе се комуницира начинот на учество во наградната игра.

**Член 5**

**Производи кои се дел од наградната игра**

P&G производи кои учествуваат во наградната игра се сите производи од брендовите:
Ariel, Lenor, Fairy, Pampers, Always, Discreet, Oral-B, Mr.Proper, Old Spice, Gillette Venus, Naturella, Head&Shoulders, Pantene, Gillette.

**Член 6**

**Право на учество**

Во наградната игра, право на учество имаат сите лица над 18 години, кои се граѓани на Република Северна Македонија и ги исполнуваат условите на учество (во понатамошниот текст „Учесници“). Со купување на кои било P&G производи кои се веќе наведени во Член 5 во вредност од минимум 499 денари и повеќе, на една фискална сметка, учесниците ќе може да учествуваат во наградната игра преку испраќање на СМС порака на бројот 142 241 од

операторите Македонски Телеком и А1 во Република Северна Македонија, со следната содржина: **број на фискална сметка (празно место) igra (празно место) време на купување на производите** (пример на формат за СМС порака #0250 igra 16:03:00). Учесниците во наградната игра, ќе може да испратат СМС започнувајќи од 11.02.2026 г., од 00:01 часот, па се до 25.03.2026 г., 23:59 часот, по што СМС платформата ќе биде затворена. Со учество во наградата игра, учесниците потврдуваат дека ги разбираат условите и се согласуваат со правилата за учество.

**Член 7**

**Механизам на наградната игра**

На територијата на Република Северна Македонија, наградната игра ќе се организира за производите на Procter&Gamble и ќе се спроведе преку СМС сервисите на операторите Македонски Телеком и А1 во Република Северна Македонија. Секое заинтересирано лице (наведено во Член 6), за да учествува во наградната игра, потребно е да купи било кои Procter & Gamble производи наведени во Член 5 во вредност од минимум 499 денари и повеќе, на една фискална сметка. Учесниците треба да ја чуваат фискалната сметка, неоштетена, во текот на целата наградна игра и по нејзиното завршување се до 29.04.2026 и да се вклучат во истата според следниве правила:

- Почнувајќи од 11.02.2026 г., 00:01 часот, и заклучно до 25.03.2026 23:59 ќе може да праќаат СМС порака на бројот 142 241, со следната содржина: **број на фискална сметка (празно место) igra (празно место) време на купување** (пример на формат за СМС порака #0250 igra 16:03:00). Пораката треба да го содржи оригиналниот број на фискалната сметка, каде е назначено дека се купени Procter & Gamble производи во вредност од минимум 499 денари или повеќе. Ако е успешно испраќањето на пораката, учесникот ќе добие потврдна СМС порака за учество и линк до правилата каде ќе може да ги прочита детално официјалните правила за игра. Доколку праќањето на пораката е неуспешно, учесникот ќе добие повратна СМС порака дека бројот на сметката веќе бил претходно искористен или дека е испратен неправилен формат на содржина, проследен со број од контакт центарот на организаторот 072/917-005, каде учесниците ќе можат да добијат поддршка поврзана со наградната игра, секој работен ден од 09:00 – 17:00 часот.

Сите пораки се тарифираат по цена на стандардна СМС порака односно 5,9 денари со вклучен ДДВ, на товар на испраќачот. Организаторот нема удел во менување на цената и затоа Организаторот не презема одговорност за можна промена на цената на пораките.

Еден учесник може да учествува во наградната игра со неограничен број на СМС, но со користење на различни броеви на фискални сметки (од различни купувања) и со тоа, да ги зголеми своите шанси за добивка на награда. Секоја поединечна фискална сметка може да учествува само еднаш.

Еден ист учесник НЕ МОЖЕ да биде добитник на повеќе од една награда од целиот награден фонд.

При испраќање на неточни, нецелосни или невалидни фискални броеви и неисполнување на другите услови за учество (доколку фискалната сметка не е на учесникот, не ја исполнува возрасната граница и слично) учесникот ќе биде дисквалификуван од наградната игра и ќе го изгуби правото на добивање награда.

Точниот фискален број кој е успешно испратен преку СМС порака влегува во учество освен ако претходно истиот не бил искористен во наградната игра. Во случај два различни учесника да испратат ист број на фискална сметка и со истото време на купување на производите, провајдерот ќе испрати смс порака со цел учесникот да се јави во контакт центар за да се провери статусот за учество. Во тој случај ќе се побара прогресивниот број на фискална сметка да се испрати во истиот формат односно прогресивен број на фискална сметка (празно место) igra (празно место) време на купување на производите, по чие испраќање ќе му биде испратена порака со статусот за учество.

Правото за учество не е дозволено за вработените на Организаторот, вработените во Нелт, НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ како и нивните блиски членови од семејството (деца, сопружници и родители).

*Оранизаторот и операторите не се одговорни за евентуални потешкотии на мобилните мрежи или за прекините во комуникација.

**Член 8**

**Метод за извлекување и објавување на добитниците**

Сите СМС пораки се собираат и од нив се извлекува добитникот.

Добитниците на награди во наградната игра ќе бидат извлечени по случаен избор, преку софтвер. Организаторот ќе биде задолжен за регуларноста на наградната игра, регуларноста на извлекувањето на добитниците и ќе даде официјален извештај согласно Законот.

Извлекувањето на наградите ќе се прави според следниот распоред:

| **Датум на извлекување:** | **Период за кој учесниците влегуваат во извлекувањето:** | **Награда** | **Вкупен број на награди** |
|---|---|---|---|
| 26.03.2026 | 11.02.(време 00:00:01)–25.03.(време 23:59:59) | Главна награда: Парична награда од 150.000 ден. x 1<br><br>Вива фреш/Кит-Го вредносен ваучер во износ од 5.000 ден. x 60 | 61x награди вкупно |

Доколку наведениот датум на извлекување се одреди да биде државен празник, неработен ден, извлекувањето ќе се спроведе следниот последователен работен ден.

Добитниците на наградите ќе бидат извлечени со почеток од 12 часот по случаен избор преку софтверска програма.

За секоја награда ќе биде извлечен по еден резервен добитник во случај потенцијалниот да не е валиден. За главната награда ќе бидат извлечени по два резервни добитника во случај потенцијалниот да не е валиден.

Доколку останат награди, што може да биде последица на недоволен интерес на учесници или неочекуван прекин на наградната игра, наградите остануваат во сопственост на Организаторот.

Извлекувањето на потенцијалните добитници ќе биде под контрола на провајдерот: НТХ Медиа Македонија ДООЕЛ.

Извлекувањето на наградите ќе се врши автоматски преку софтвер (компјутерска селекција од база на испратени СМС) од страна на Организаторот, во неговите простории лоцирани на улица Никола Тримпаре 26, Скопје. Контролата на извлекување ќе се врши од страна на претставници на Организаторот.

Добитниците ќе бидат информирани за наградите преку СМС, на телефонскиот број со кој се регистрирале во наградната игра, во текот на истиот ден по извлекувањето.
Откако ќе се направи потребната верификација и потврда на добитниците, нивните детали, ќе бидат објавени на интернет страницата nelt.com, во рок од 3 дена по извлекувањето.

Наградите ќе бидат доделени во рок од 30 дена од објавувањето на добитниците, лично, во просториите на организаторот лоцирани на улица Никола Тримпаре 26, Скопје или преку директна пошта, по договор со добитникот.

**Член 9**

**Известувањето на добитниците и подигнувањето на награда**

Истиот ден по извлекувањето, добитниците ќе бидат известени преку СМС порака "Честитаме за освоената награда, очекувајте наш повик за подигнување на истата. Доколку не сте достапни во наредните 48 часа го губите правото на награда," на бројот од кој се регистрирале во наградната игра, информирајќи ги за потенцијалната награда и дека контакт центарот ќе ги исконтактира телефонски за сите детали околу верификацијата и подигнување на наградата. Од моментот на извлекување, тие стануваат потенцијални добитници на наградата и ќе треба во рок од 48 часа од добивање на СМС пораката, да ги достават бараните податоци и фискалната сметка за да може да се верификуваат и објават како официјални добитници.

Обврска на секој учесник е редовно да ги проверува телефонските повици /СМС пораки на својот мобилен телефон, а исто така и да биде достапен за добивање на информации во текот на наградната игра.

Доколку учесникот не е достапен или пак не ги достави бараните податоци во рок од 48 часа од моментот на праќање на пораката, од било која причина, за која не е и нема да биде

одговорен Организаторот, тој/таа го губи правото на награда и истата се пренесува на првата резерва. Организаторот нема да има дополнителна одговорност кон учесникот.

Добитникот ќе треба да достави документ за идентификација како и фотографија од фискалната сметка која била испратена за учество во наградната игра, каде е наведено купувањето на Procter & Gamble производите во вредност од минимум 499 денари и повеќе. Подигнувањето на наградата ќе може да го реализира и друга личност, но само со законско овластување од страна на добитникот, заверено на нотар.

Паричната награда ќе биде исплатена на лична денарска трансакциска сметка на добитникот во било која банка на територијата на Република С. Македонија, во рок од 30 дена од денот на објавување на добитникот. Со префрлување на износот на наградата на трансакциската сметка на добитникот, се смета дека организаторот во целост ја исполнил својата обрвска кон добитникот на паричната награда.

Останатите награди ќе бидат доделени лично или преку директна пошта, по договор со добитникот.

При предавањето на наградата, добитникот на наградата е должен да потпише потврда за преземање на наградата и да ја прикаже оригиналната фискална сметка.

Ако се надмине предвидениот рок за доделување на наградите од 30 дена од датумот на објавување на добитниците, подигнување на наградата нема да биде возможно. Според правилата за подигнување на награда, доколку некои од добитниците не ги почитуваат или го надминат наведениот рок, го губат правото на истата.
Наградите кои нема да бидат доделени остануваат во сопственост на Организаторот.

**Член 10**
**Награди и фонд за награди**

Целосната сума за награди изнесува 450.000,00 денари со вклучено ДДВ. Точниот број на награди е: 61. Организаторот не смее да додели повеќе награди од предвиденото или награди од различен тип. Фондот на награди се состои од следниве награди:

| **Име и вид на награда** | **Количина** | **Цена на индивидуални награди без ДДВ** | **Целосна цена на награди без ДДВ** | **Целосна цена на награди со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|
| Главна награда: Парична награда од 150.000 ден. | 1 | 150,000 ден. | 150,000 ден. | 150,000 ден. |
| Вива фреш/ Кит-Го маркети вредносен ваучер во износ од 5.000 ден. | 60 | 5.000,00 ден | 300.000,00 ден | 300.000,00 ден |

Износот на вредносните ваучери/картички – може да се искористат заклучно до датумот наведен на самите ваучери.

**Член 11**

**Информирмирање за наградната игра на учесниците**

Учесниците ќе бидат информирани за правилата на наградната игра, фондот за награди и условите за учество преку надворешни информативни канали, интернет страницата nelt.com, како и пропаганден материјал на продажните места.

Откако Министерството за финансии на Република Северна Македонија ќе даде одобрување за почеток на наградната игра, официјалните правила на наградната игра ќе бидат објавени на интернет страницата nelt.com, пред почетокот на истата.

По добиеното одобрение од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, правилата за наградната игра стапуваат на сила.

Во текот на целото времетраење на наградната игра, сите учесници ќе можат да се обратат на контакт центарот на организаторот 072/917-005, каде ќе можат да добијат поддршка поврзана со наградната игра, секој работен ден од 09:00 – 17:00 часот.

**Член 12**

Организаторот е должен да провери дали се исполнети сите услови за учество и дали добитникот ги исполнува сите услови за подигнување на наградата, согласно правилата. По предавањето на наградата, Организаторот нема никаква одговорност кон добитникот на наградата во однос на користењето на истата, освен одговорностите наведени во правилата.

Организаторот нема одговорност за дополнителни трошоци, односно трошоци за реализација кои не се опишани во правилата или во посебно потпишан договор помеѓу Оранизаторот и добитникот.

Организаторот не е одговорен, доколку добитникот не е во можност да ја подигне или користи наградата.

Резултатите за прогласување на добитниците се конечни. Доколу добитникот сака, може да се откаже од наградата или да ја предаде на друг, согласно законот, но во никој случај не може да ја замени за парични средства.

**Член 13**

**Согласност за користење на лични податоци**

Со учество во наградната игра, учесникот се согласува да ги даде личните податоци на Организаторот, за користење при реализација на наградата игра за период од (три) месеци. Организаторот има право да ги користи личните податоци на секој учесник за потребите на наградната игра. Организаторот не смее да ги користи податоците за било која друга намена, која не е во согласност со законот и ќе ги користи само за потребите на наградната игра. Личните податоци на учесниците на наградната игра, ќе се користат само согласно Законот за

заштита на лични податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 и 294/2021).

**Член 14**
**Даноци**

Даночната обврска на наградната игра ја презема Организаторот. Организаторот гарантира дека доделувањето на наградата ќе биде согласно со правилата.

**Член 15**
**Поднесување приговор**

Учесникот во наградната игра, има право да поднесе приговор до организаторот, најдоцна 5 (пет) дена од денот на објавување на добитниците, на е-маил адресата contact@grey.com.mk. Организаторот е должен да даде одговор на приговор во рок од 7 дена по добивањето на истата.

**Член 16**
**Деловна тајна**

Вработените на Организаторот и провајдерот, се обврзани да ја чуваат следната информација како деловна тајна: податоците на учесникот (нивниот број, нивниот идентитет и други лични податоци), механизмот за организација на наградната игра и финанскискиот дел за работатата на Организаторите. Горепоменатите информации можат да бидат дадени на трето лице од страна на Организаторот, само на начин предвиден во законот.

**Член 17**
**Прекинување на наградната игра**

Наградната игра може да се прекине, при ненадејни виши сили вклучувајќи го случајот кога Организаторот не е во можност да ја организира наградната игра. За прекин на наградната игра прво треба да се добие согласност од Министерство за финансии на Република Серверна Македонија.

**Член 18**
**Законски мерки**

Доколку постојат било какви недоразбирања помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, истите ќе бидат решени согласно договорот.

Ако двете страни не постигнат договор, конфликтот помеѓу организаторот и учесниците на наградната игра, ќе биде решен од страна на судот во Скопје.